# ИСТАНБУЛ во Декември

**06.12.2024 – 09.12.2024 | 3 ноќи - 4 дена | Лет од Скопје**

**Авионска програма ✈**



| | |
|---|---|
| **Авионски лет:** | **PEGASUS AIRLINES (Скопје – Истанбул - Скопје)** |
| **Поаѓање:** | **06.12.2024 во 10:00ч. (Скопје)** |
| **Пристигнување:** | **06.12.2024 во 13:30ч (Истанбул)** |
| **Услуга:** | **3 ноќевања со појадок – ЗBB** |
| **Сместување (услуга)** | **3 ноќи во хотел 4*** ***(Ноќевање со Појадок)*** |
| **Друго вклучено:** | **Трансфери + пратител + панорамски разглед со превоз + крстарење Босфор** |
| **Враќање во Скопје:** | **09.12.2024 во 15:40ч.** |

**ИСТАНБУЛ** - градот кој ги поврзува континентите. Престолнина на три некогашни империи, Римската, Византиската и Отоманската. Сегашниот Истанбул е вистински пример за беспрекорна грижа за историско- културно наследство и висок стремеж кон иднината и современото. Историскиот белег на Истанбул е впечатлив преку бројните џамии, музеи, цркви, дворци и ориентални базари, кои ја формираат неговата уникатна физиономија. И покрај илјадниците години историја, Истанбул се' уште е на прво место во однос на своето географско значење. Денес тој е огромна метропола која поврзува континенти, култури, религии и е дом на 20 милиони луѓе.

AURORA TOURS

**ПРОГРАМА НА ПАТУВАЊЕ:**

**1 ден. ( 06.12.2024 ПЕТОК ) СКОПЈЕ – ИСТАНБУЛ**

Состанок на групата на аеродромот во Скопје во 08:00 часот. Лет за Истанбул во 10:00 часот со авиокомпанијата Pegasus Airlines. Пристигнување во Истанбул во 13:30 часот по локално време, организиран трансфер до хотел, превземање на собите според хотелските правила. Слободно попладне за индивидуални активности, предлог – поаѓање со јавен или организиран превоз до плоштадот **Таксим**, прошетка по познатата и енергична улица **Istiklal Caddesi**, каде што се наоѓаат многубројните ресторани, продавници и барови, посета на **Галата Кула**, слободно време за шопинг или релаксирање со турско кафе, чај и локум. Враќање во хотел. **Ноќевање**.

**2 ден ( 07.12.2024 САБОТА ) ИСТАНБУЛ**

Појадок. Панорамски разглед на градот со локален водич, посета на една од најзначајните симболи на Христијанството**, Вселенската Патријаршија**. Според рангирањето, оваа патријаршија е прва и се смета за центар на сите православни цркви во светот. Внатрешноста на црквата е богато украсена со извонредни златни иконостаси, кои прикажуваат детали од животот на Исус Христос. Најзначајна реликвија во црквата е столбот со црна боја за кој се верува дека е столбот на кој Исус бил заврзан пред да биде распнат на крст. Прошетка и слободно време по живописната и шарена населба Балат. Се упатуваме на популарното крстарење по **Босфор**, со панорамски разглед на двете страни на каналот, како и пловење под мостовите кои ги поврзуваат – Европа и Азија, незаборавно доживување, еден поинаков Истанбул, сите луксузни вили кои вредат милиони, каде се снимани и најпознатите сцени од популарните турски серии и знаменитостите одблизу. **Факултативна посета на најубавата Султанска Палата, Долмабахче Палатата** градена во Европски стил во 19 век која била административен центар на крајот на Отоманската империја со последниот Султан кој живеел во неа, тука живеел и починал Мустафа Кемал Ататурк, основачот на Турската држава, а денес е претворена во музеј кој содржи уметничко историски збирки со непроценливо богатство. Факултативен излет **Истанбулски Сафир – облакодер ( Sapphire Seyir Terasi )** со висина од над 238м од каде што има прекрасна глетка кон градот. Враќање во хотел. Слободно време за индивидуални активности. **Ноќевање**.

**3 ден ( 08.12.2024 НЕДЕЛА ) ИСТАНБУЛ**

**Појадок**. Истанбул е град со огромен број на знаменитости и места кои треба да се видат и доживеат. **Факултативна пешачка тура** каде ќе имате можност да се запознаете со најзначајните знаменитости на Истанбул, посета на **Џамија Султан Ахмед**, наречена и **Сина Џамија** поради своите бои: сина, зелена и бела, последна импресивна градба на Отоманската религиска архитектура, единствената Џамија со 6 минариња, посета на **Хиподромот** кој некогаш служел за коњски трки, денес е меморијален плоштад со обележја од минатото. Надворешен разглед на **Аја Софија** – црква, џамија, музеј и повторно џамија. Архитектонско монументално дело, кое во 6-от век по Христос го изградил Византискиот цар Јустиниан. Кога Османлиите во 1453 год го освоиле Константинопол, Султанот Мехмед Втори црквата ја претворил во Џамија, а Кемал Ататурк во 1936 год од Аја Софија направил музеј. Од Јули 2020 година повторно се користи како Џамија. Посета на Султановиот дворец опкружен со море од сите страни **Топ Капи Палатата заедно со харем и црквата Аја Ирини** – музеј со непроценлива колекција на споменици и уметнички дела каде што е изложен мечот на пророкот Мухамед. Сегашниот изглед на Палатата датира од времето на Сулејман Величенствениот. Враќање во хотел или предлог разглед и шопинг во **Капали Чаршија**, еден од најстарите и најголемите покриени пазари во светот со повеќе од 3000 продавници кои привлекуваат илјадници туристи.

**ПРЕДЛОГ ФАКУЛТАТИВЕН ИЗЛЕТ – Ноќно крстарење по Босфор – ТУРСКА ВЕЧЕР НА БРОД ! Целовечерно крстарење по Босфор, под спектакуларните мостови кои што ја поврзуваат Европа со Азија, проследено со целовечерна забава, музика и шоу, со неограничени пијалоци и вкусни турски специјалитети.**

**4 ден ( 09.12.2024 ПОНЕДЕЛНИК ) ИСТАНБУЛ – СКОПЈЕ**

**Појадок** и одјавување од хотел согласно хотелските правила. Групата се упатува кон познатиот и еден од најголемите трговски центри **Emaar Square Истанбул во азискиот дел на Истанбул,** кој е богат со многу бутици, продавници и аутлети од најпознатите брендови. Слободно време за шопинг и индивидуални активности. **Трансфер кон аеродромот.** Лет за Скопје во 16:10 часот по локално време. Пристигнување во Скопје во 15:40 часот по локално време.

**АУРОРА ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ**
Јане Сандански ДТЦ 13 Ноември, Лок.4, Аеродром – Скопје
**(02) 2464 440 | www.aurora.mk | info@aurora.com.mk**

AURORA TOURS

| ИСТАНБУЛ - ДЕКЕМВРИ 2024<br>АВИОНСКА ПРОГРАМА<br>ХОТЕЛ 4* | ПЕРИОД НА ПАТУВАЊЕ | 06.12– 09.12.2024 |
|---|---|---|
| | ПЕРИОД НА ПРЕСТОЈ | 06.12– 09.12.2024 |
| | УСЛУГИ | 3BB |
| | НОЌЕВАЊА / ДЕНОВИ | 3Н / 4Д |
| **Цена по лице во двокреветна соба** | | **495 € / 30.690 мкд** |
| **1 Early Booking цена по лице за резервации до 15.11.2024** | | **445 € / 27.590 мкд** |
| **2 Early Booking цена по лице за резервации во период 16.11 – 25.11.2024** | | **465 € / 28.830 мкд** |
| Доплата за еднокреветна соба | | 80 € / 4.960 мкд |

**Во цената е вклучено:**
- Авионски превоз на релација Скопје – Истанбул – Скопје со **Pegasus Airlines**
- Аеродромски такси, рачен и чекиран багаж (до 20 кг).
- Сместување и 3 ноќевања со појадок во хотел со 4* во историскиот централен дел на Истанбул.
- **Панорамски разглед со превоз и локален водич** – Вселенска Патријаршија и Балат
- **Дневно Крстарење по Босфор**.
- Организација на аранжманот и придружник на патувањето.
- Прошетки со придружник на групата.
- Организирани трансфери во Истанбул: аеродром - хотел – аеродром ( со попатен стоп во EMAAR SQUARE MALL)

**Во цената не е вклучено:**
- Патничко здравствено осигурување
- Дополнителни оброци и пијалоци
- Користење на одредени содржини во хотел кои може да се предмет на доплата (информации на рецепција).
- Факултативни посети, излети и влезници

**ФАКУЛТАТИВНИ ИЗЛЕТИ:**
- Влезница за **Долмабахче Палата 45 €**
- Влезница за **Sapphire Seyir Terasi 30 €**
- **Султанахмет пешачка тура** (Аја Софија надворешен разглед, Сина Џамија, Хиподром) Топкапи Палата, Црква Аја Ирини и Харем, Капали Чаршија со вклучени влезници и локален водич **75 €** , без влезница за Топкапи Палата – **35 €**
- **Ноќно крстарење – Турска вечер** (традиционални танци, стомачни танци, забавен дел, вклучен трансфер до хотел) **50 €** со неограничени безалкохолни пијалоци; **60 €** со неограничени алкохолни пијалоци.
  **ПАКЕТ факултативи: 195 €**

**Забелешки:**
- Организатор на ова патување е АУРОРА Турс.
- **За реализација на аранжманот, потребен е минимален број од 15 патници.** Во случај на помал број пријавени патници, организаторот го задржува правото да го откаже аранжманот или да ја корегира / зголеми цената на истиот.
- Минимален број за реализација на факултативите по дадените цени во програмата е 15 патници, во спротивно цената може да биде соодветно корегирана.
- За резервации потребна е авансна уплата во висина од 30% од вкупнот износ на аранжманот, целосна доплата најдоцна петнаесет (15) дена пред поаѓање.
- Програмата и редоследот на разгледи и посети може да претрпи промени во зависност од состојба на терен и други објективни причини.
- Организаторот го задржува правото за промена на цените за факултативните излети во случај на промена на цените на влезниците во локалитетите.
- Организаторот на патувањето го задржува правото, во случај на промена на цената на превозот (авионските билети), да ја промени и цената на аранжманот.
- **За оваа програма важат Општите Услови на Патување на Аурора Турс**.


**АУРОРА ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ**
Јане Сандански ДТЦ 13 Ноември, Лок.4, Аеродром – Скопје
**(02) 2464 440 | www.aurora.mk | info@aurora.com.mk**